

Еврејската заедница во Македонија ја одбележа 78 годишнината од депортацијата на 7.144 македонски Евреи во нацистичкиот логор на смртта Треблинка. Од Македонија беа депортирани 98 отсто од еврејската популација, од кои 50 беа деца. Статистичките податоци за судбината на македонските Евреи, за жал, ги става на врвот во поглед на процентот на Евреите од која и да е земја, убиени во текот на Втората светска војна од нацистите и нивните соработници.

Во Македонија се` уште не бледнеат сеќавањата на денот кога нивните сограѓани беа депортирани во логорот на смртта за никогаш да не се вратат во нивните домови. По наредба на тагашните фашистички бугарски власти, во ноќта меѓу 10-ти и 11 март 1943 година биле уапсени сите Евреи во Македонија и пренесени во скопскиот Монопол, денеска Тутунски комбинат, кој тогаш бил привремен концентрациски логор.

На 11 март 1943 тие биле собрани во сточни вагони и од Битола и Штип сите заедно доведени во скопскиот Монопол, каде што останале до крајот на март во екстремно тешки хигиенски и психолошки услови. Сиот имот им бил земен, а накитот и парите конфискувани. Потоа повторно биле натоварени, меѓу 80 и 120 во еден вагон, и транспортирани во тогаш окупираната Полска, во логорот на смртта Треблинка, каде веднаш биле егзекутирани.

Најмногу Евреи имало од Битола, Скопје и од Штип и по неколку семејства од помалите градови. Веќе на 22, 25 и 29-ти март 1943 година, 2.150 семејства, со вкупно 7.144 члена, во три транспорта, биле упатени во логорот на смртта Треблинка 2 во Полска, од каде

никој не се вратил.

По 11.03.1943 година еврејските маала останаа пусти, без детски жагор и смеа. Улиците и дуќаните опустеја. Се згасна вообичаената работна раздвиженост. На портите повеќе ги немаше старициte со плетала и старците потпрени на бастуми на пролетното сонце. Немаше повеќе раѓања, свадби и умирања.

Може да прости, но не и да се заборави, бидејќи заборавот го влече човекот кон нови злосторства и историски проклетија.

***Македонска нација***